РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ
IP ENTI SHTETËROR I VEPRIMTARIVE SOCIALE
Бр.-Nr. 04-383/11
01.07.26 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 52 од Законот за административните службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/18, и Сл. Весник на РСМ бр.275/19, 14/20, бр.215/21, бр.99/22 и бр.208/24), вд Директорот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје , донесе:

О Д Л У К А
за избор за унапредување на административен службеник
по интерен оглас 01/2026

1. За работно место Раководител на Оддел за супервизија со шифра СОЗ0102БО4002 во Служба за надзор над стручна работа и супервизија 1 (еден) извршител се врши избор за унапредување на административен службеник и се избира

- Васка Стефановска

2. Именуваната ќе биде унапредена и распоредена на работното место од точка 1 (еден) по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за унапредување на административен службеник.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

ВД Директорот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје врз основа на согласност бр .19-3751/2 од 08.05.2026 година од Министерство за финансии, поднесе барање за започнување на постапка за унапредување на 1 (еден) административен службеник до Помладиот соработник за човечки ресурси. Постапувајќи по барањето ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје на ден 19.06.2026 година на својата веб страница и на веб страницата на Агенција за администрација објави интерен оглас 01/2026 за пополнување на работно место по пат на унапредување за следново работно место: Раководител на Оддел за супервизија со шифра СОЗ0102БО4002 во Служба за надзор над стручна работа и супервизија 1 (еден) извршител.

По објавениот интерен оглас, в.д.директорот на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје врз основа на член 50 од Законот за административни службеници и номинацијата од Агенција за администрација, со решение бр. 04-383/8 од 26.06.2026 година формира Комисија за селекција за унапредување на административни службеници. Комисијата при спроведување на постапката со административната селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас и состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-383/9 од 29.06.2026 година. По завршување на административната селекција врз основа на ранг-листата ВД Директорот спроведе интервју со уредниот кандидат за што е составен Записник од спроведено интервју бр.04-383/10 од 01.07.2026 година. Врз основа на спроведеното интервју Комисијата состави финална ранг листа со предлог за избор на кандидат за унапредување за работно место Раководител на Оддел за

супервизија во Службата за надзор над стручна работа и супервизија, за што е донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје , да поднесе жалба до Агенција за администрација

Доставено до:
- кандидатот
- Досие на избран кандидат
- Предмет
- архива

в.д.директор
Душанка Петрова